РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ
TRUPI I REVIZIONIT PER REVIZION TE INSTRUMENTIT PER NDIHMEN E PARAANETARESIMIT

Бр.-Nr. 01-552/1
15.05.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

AAIPA
Audit Authority for Audit of Instrument for Pre-Accession Assistance of North Macedonia

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ревизорско тело за ревизија на ИПА
Trupi i revizionit për revizion të IPA-s
Audit Authority for audit of IPA

Бр./Nr.______________
Скопје/Shkup,__________20_____

Врз основа на член 9 став 1 точка 7 од Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош ("Службен весник на РМ" број 66/2010; 43/2014; 154/2015; 27/2016; 190/2016; 83/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 251/2022 ) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18), Закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20, 95/20 и 302/20), а во согласност со Регулативата за имплементација на ИПА II и Регулативата за имплементација на ИПА III, главниот ревизор за ИПА донесе

# ПРАВИЛНИК
## за внатрешна организација на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува внатрешната организација на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) (во понатамошниот текст: Ревизорско тело), делокругот на работа, раководењето, начинот и постапката на извршување на работата и други прашања од значење за организацијата и работата на Ревизорското тело.

### Член 2

Ревизорското тело е функционално независно од сите структури и тела во системот за управување и контрола на средствата на инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Република Северна Македонија.

Ревизорското тело е самостоен државен орган со својство на правно лице, тело за надворешна ревизија, основано во согласност со Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) и одредбите од Рамковните спогодби за ИПА.

Седиштето на Ревизорското тело е во Скопје.

### Член 3

Прилог на овој правилник е органограмот на Ревизорското тело.

[1] 01-552/1 [2023]

## II. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РЕВИЗОРСКОТО ТЕЛО

**Член 4**

Внатрешната организација на Ревизорското тело е утврдена во согласност со надлежностите на Ревизорското тело утврдени во Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Внатрешната организација на Ревизорското тело се уредува на начин кој обезбедува законито, стручно, ефикасно, благовремено, транспарентно и рационално извршување на работите, успешно раководење и координирање на работите, групирање на работите во согласност со природата на дејноста, значењето и обемот и остварување на одговорност на вработените во Ревизорското тело во вршењето на работите од нивниот делокруг на работа.

**Член 5**

Работите од делокругот на Ревизорското тело се извршуваат преку 7 (седум) организациони делови и тоа 6 (шест) сектори за ревизија и 1 (еден) сектор за административни работи во рамки на кој функционираат 2 (две) одделенија, организирани во зависност од надлежностите, групирањето на работните задачи според видот, обемот и сложеноста, меѓусебната сродност и функционална поврзаност.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во Ревизорското тело се регулираат со Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, овој Правилник и другите посебни акти на Ревизорското тело.

**Член 6**

Во Ревизорското тело се формираат следните организациони делови:

1. Сектор за ревизија на програми финансирани од ИПА II за реформа и развој на институциите и програми финансирани од ИПА III од областа на Правосудство,, Борба против корупција, Борба против организиран криминал, Миграција и управување со граници, Фундаментални права, Демократија, Граѓанско општество, Добро владеење, Административни капацитети и усогласување на националното законодавство со европското законодавство, Добрососедски односи и помирување и Стратешка комуникација мониторинг, евалуација и комуникациски активности - (Сектор за ревизија 1);
2. Сектор за ревизија на програми финансирани од ИПА II за општествено – економски и регионален развој и програми финансирани од ИПА III од областа на Животна средина и климатски промени, Транспорт, дигитална економија и енергетика - (Сектор за ревизија 2);
3. Сектор за ревизија на програми финансирани од ИПА II за вработување, социјални политики, образование, еднаквост и развој на човечки ресурси и програми финансирани од ИПА III од областа на образование, вработување, социјална заштита, инклузивни политики, здравство, развој на приватен сектор, трговија, истражување и иновации - (Сектор за ревизија 3);
4. Сектор за ревизија на програми финансирани од ИПА II за земјоделие и рурален развој и програми финансирани од ИПА III од областа на земјоделството и руралниот развој и рибарство – (Сектор за ревизија 4) ;

5. Сектор за ревизија на програми финансирани од ИПА II за регионална и територијална соработка и програми финансирани од ИПА III од областа на Прекугранична соработка со ИПА земјите и Учество во микро регионални стратегии - (Сектор за ревизија 5);

6. Сектор за унапредување на ревизијата;

7.Сектор за финансиски и административно правни работи
- Одделение за административно правни работи и човечки ресурси
- Одделение за финансиски прашања

## III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ДЕЛОВИ ЗА РЕВИЗИЈА

### 1. Сектори за ревизија (1-5)

**Член 7**

Делокругот на работа на секторите за ревизија (1-5) се утврдува со овој правилник и со целите и задачите утврдени со тригодишните стратегии за ревизија.

При утврдување на делокругот на работа на секторите за ревизија (1-5), се поаѓа од принципите на ефикасност, благовременост и рационалност во извршувањето на работите.

**Член 8**

Во рамките на секторите за ревизија (1-5) согласно потребите се организираат соодветен број ревизорски екипи составени од најмалку двајца ревизори.

Ревизорските екипи се формираат по потреба во согласност со тригодишните стратегии за ревизија на Ревизорското тело.

Со ревизорска екипа раководи самостоен или виш ревизор, а по потреба и ревизор, врз основа на посебен акт донесен од главниот ревизор за ИПА.

**Член 9**

Во извршувањето на работите од својот делокруг, секторите за ревизија (1- 5) ги врши следните активности:

(1) Согласно ИПА Регулатива 447/2014 и Рамковната спогодба склучена меѓу Република Македонија и Европската Комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА II) од 27.03.2015 година:

а) ревизија на целосноста, точноста и веродостојноста на годишните финансиски извештаи или изводи и соодветни годишни сметки;

б) ревизија на ефикасно и ефективно функционирање на системите за управување, контрола и надзор;

в) ревизија на законитост и регуларност на настанати трансакции;

г) изготвуваат тригодишна Стратегија за ревизија;

д) изготвуваат Годишно ревизорско мислење за претходната финансиска година заедно со Годишен извештај за ревизорска активност и

ѓ) изготвуваат Мислење за каква било завршна финансиска изјава за трошоци која НАО ја поднел до Комисијата за затворање на која било програма или кој било дел од истата. Каде што е соодветно, Завршен извештај за ревизорска активност го поддржува мислењето.

Во извршувањето на работите од својот делокруг, секторите за ревизија (1- 5) ги врши следните активности:

(2) Согласно ИПА Регулативата 2021/1529 за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) и Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија според инструментот за претпристапна помош (ИПА III) од 04.11.2022 година:

а) ревизија на целосноста, точноста и веродостојноста на годишните финансиски извештаи или изводи и соодветни годишни сметки;

б) ревизија на ефикасно и ефективно функционирање на системите за управување, контрола и надзор;

в) ревизија на законитост и регуларност на настанати трансакции;

г) изготвуваат тригодишна Стратегија за ревизија;

д) изготвуваат Годишно ревизорско мислење за претходната финансиска година заедно со Годишен извештај за ревизорска активност и

ѓ) изготвуваат Мислење за каква било завршна финансиска изјава за расходи која НАО ја поднел до Комисијата за затворање на која било програма или кој било дел од истата. Каде што е соодветно, Завршен извештај за ревизорска активност го поддржува мислењето.

Согласно барањата од рамковните спогодби за ИПА сите горенаведени документи од овој член се доставуваат до соодветните генерални директорати, Влада на Република Северна Македонија и копија до НИПАК и НАО.

Секторите за ревизија од (1 - 5) своите активности ги организираат и спроведуваат согласно помошта дадена на Република Северна Македонија преку ИПА - распределена преку дефинирани оперативните програми за имплементација на истата.

Методологијата за работа е согласно меѓународно прифатените стандарди за ревизија.

**2. Сектор за унапредување на ревизијата**

**Член 10**

Во извршувањето на работите од својот делокруг, Секторот за унапредување на ревизијата, ги врши следните активности:

- подготвува документи за унапредување на ревизијата и ја следи примената на истите и учествува во подготовка на прирачници и упатства за ревизија на ИПА;
- го координира подготвувањето на акти за развојот и стручното усовршување на вработените во Ревизорското тело;

- дава насоки и упатства за примена на законските прописи, прирачниците и упатствата за работите во неговиот делокруг;
- подготвува стратешки документи, краткорочни и долгорочни стратешки планови во функција на развојот на ревизијата на ИПА и усогласување со меѓународните норми и стандарди;
- го следи развојот на компјутерската технологија, апликативните и системските програмски продукти и постигнувањата во областа на ИТ, се грижи за техничката исправност и функционалност на информатичко - комуникациска опрема на Ревизорското тело и врши тековно администрирање на информациониот систем;
- ги организира и се грижи за стручно и навремено извршување на работите од областа на информатичката технологија за потребите на ревизијата.

## IV. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ДЕЛОВИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ

### 3. Сектор за финансиски и административно правни работи

**Член 11**

Секторот за финансиски и административно правни работи активностите ги извршува преку Одделение за административно правни работи и човечки ресурси и Одделение за финансиски прашања и во извршувањето на работите од својот делокруг врши нормативно - правни, финансиски и административни работи за потребите на Ревизорското тело и тоа:

- врши подготовка на подзаконските акти и ја следи нивната примена, обезбедува нормативно - правна поддршка во насока на реализација на активностите на Ревизорското тело, изработува нормативни акти, дава стручно мислење и предлози од областа на правното работење, давање на методолошка, организациска и техничка поддршка при подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- врши работи што се општи и заеднички (канцелариско и архивско работење);
- ја следи примената на законските и подзаконските акти од областа на правата, обврските и одговорностите на вработените, спроведува постапки за вработување и изготвува поединечни акти во врска со остварување на правата, обврските и одговорностите на вработените, учествува во постапката за унапредување на вработените, води и управува персонална евиденција на вработените, водење и подготовка на потребната документација за регистрирање, пријавување и одјавување на вработените, подготвува Годишни планови за вработување на административните службеници и Годишни планови за обуки и изработува извештај за нивната реализација;
- ги изработува сите потребни документи во делот на јавните набавки, дава стручна помош на комисиите за јавни набавки и ја следи реализацијата на Годишниот план за јавни набавки, врши координација на активности поврзани со утврдување на потребите за јавни набавки;

- врши превод од македонски јазик кон албански и обратно на општите и поединечните акти како и на официјалните документи за потребата на ревизијата на ИПА
- ги следи и применува законските прописи од областа на материјално финансиското и сметководствено работење, дава мислење по предлог актите кои имаат или може да имаат финансиски импликации, го следи и координира процесот на планирање, развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола во делокругот на работата на Ревизорското тело, изготвува финансиски планови, извештаи, буџет и други акти од областа на финансиското работење, нивно следење и контрола, изготвува годишна завршна сметка, извршува благајнички работи, врши пресметка на платите придонесите и персоналниот данок на вработените и другите надоместоци на вработените во Ревизорското тело, води грижа за навремено плаќање на превземени обврски, спроведува ex ante и ex post финансиска контрола;
- Дава стручни мислења од финансиски и правен аспект во функција на поддршка на ревизијата на ИПА.

## V. РАКОВОДЕЊЕ СО РЕВИЗОРСКОТО ТЕЛО

**Член 12**

Со Ревизорското тело раководи главен ревизор за ИПА.

Главниот ревизор за ИПА во извршувањето на работите од својот делокруг донесува:

- Правилник за внатрешна организација на Ревизорското тело;
- Правилник за систематизација на работните места во Ревизорското тело;
- Тригодишни стратегии за ревизија;
- Годишен финансиски план;
- Годишен план за јавни набавки на Ревизорското тело;
- Годишни извештаи за ревизорски активности за соодветните оперативни програми;
- Годишни ревизорски мислења;
- Ревизорско мислење за завршен извод на трошоци;
- други општи и поединечни акти, одлуки, решенија, наредби, упатства и прирачници за успешно извршување на работите на Ревизорското тело, како и општи и поединечни акти за регулирање на правата, обврските и одговорностите на вработените во Ревизорското тело;
- акти за формирање работни групи и комисии и други стручни тела за извршување на одредени стручни работи од делокругот на Ревизорското тело.

**Член 13**

Заменикот го заменува главниот ревизор за ИПА во случај на негова спреченост или отсуство со сите негови овластувања и одговорности и врши работи кои ќе му ги довери главниот ревизор за ИПА.

**Член 14**

Советниците на главниот ревизор за ИПА даваат совети за методологија и развој на ревизијата и вршат најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност, а кои се однесуваат на обезбедување ефикасно и ефективно

имплементирање на активности од нивниот делокруг на работа, ја координираат подготовката на методолошки акти за ревизија, даваат предлози и стручни мислења по прашања од својот делокруг на работа, во соработка со помошниците на главниот ревизор за ИПА, остваруваат соработка со институции во земјата и странство од делокругот на својата работа, се грижат за спроведување на меѓународните стандарди за ревизија и учествуваат во работата на колегиумот, работните групи и тела.

Советниците на главниот ревизор за ИПА по овластување на главниот ревизор за ИПА извршуваат задачи кои ќе им бидат доверени и за својата работа се одговорни пред главниот ревизор за ИПА.

**Член 15**

Со работата на секторите за ревизија раководат помошниците на главниот ревизор за ИПА и за својата работа му одговараат на главниот ревизор за ИПА.

Со работата на Секторот за унапредување на ревизијата раководи раководител на Сектор за унапредување на ревизијата и за својата работа му одговара на главниот ревизор за ИПА.

Со работата на Секторот за финансиски и административно правни работи раководи раководител на Сектор за финансиски и административно правни работи и за својата работа му одговара на главниот ревизор за ИПА.

Со работата на Одделението за административно правни работи и човечки ресурси раководи раководител на Одделение за административно правни работи и човечки ресурси и за својата работа му одговара на раководителот на Сектор за финансиски и административно правни работи.

Со работата на Одделението за финансиски прашања раководи раководител на Одделение за финансиски прашања и за својата работа му одговара на раководителот на Сектор за финансиски и административно правни работи.

**Член 16**

Помошниците на главниот ревизор за ИПА вршат организирање, координација како и непосредна контрола и надзор над извршување на работите, стручно ги насочуваат ревизорите во секторот за вршење на работите и задачите утврдени со тригодишната Стратегија за ревизија, остваруваат соработка со институции во земјата и странство од делокругот на својата работа, се грижат за спроведување на меѓународните стандарди за ревизија, учествуваат во работата на колегиумот, работните групи и тела, и вршат и други работи од делокругот на Ревизорското тело.

**Член 17**

Раководителот на Секторот за унапредување на ревизијата врши организирање, координација како и непосредна контрола и надзор над извршување на работите во делокруг на секторот, учествува во изработка на методолошки и други акти од аспект на развој на ревизијата, стручно ги насочува ревизорите во секторот за вршење на работите и задачите, остварува соработка со институции во земјата и странство од делокругот на својата работа, се грижи за спроведување на меѓународните стандарди за ревизија, учествува во работата на колегиумот, работните групи и тела, и врши и други работи од делокругот на Ревизорското тело.

**Член 18**

Раководителот на Секторот за финансиски и административно правни работи врши организирање, насочување и координација на работата на секторот, врши непосредна контрола и надзор над извршување на работите во делокруг на секторот, дава стручни мислења и упатства за примената на законските прописи од областа на правните работи и финансиските прашања и стручно ги насочува вработените во секторот за вршење на работите и задачите, остварува соработка со институции во земјата и странство од делокругот на својата работа, учествува во работата на колегиумот, работните групи и тела и врши и други работи од делокругот на Ревизорското тело. Дава стручни мислења од финансиски и правен аспект во функција на поддршка на ревизијата на ИПА.

**Член 19**

Раководителот на Одделението за административно правни работи и човечки ресурси врши организирање, насочување и координација на работата на одделението, врши непосредна контрола и надзор над извршување на работите во делокруг на секторот, дава стручни мислења и упатства за примената на законските прописи од областа на правните работи, човечките ресурси, јавните набавки и административните работи, стручно ги насочува вработените во одделението за вршење на работите и задачите, остварува соработка со институции во земјата и странство од делокругот на својата работа, учествува во работата на колегиумот, работните групи и тела врши и други работи од делокругот на Ревизорското тело. Дава стручни мислења од правен аспект во функција на поддршка на ревизијата на ИПА.

**Член 20**

Раководителот на Одделението за финансиски прашања врши организирање, насочување и координација на работата на одделението, врши непосредна контрола и надзор над извршување на работите во делокруг на секторот, дава стручни мислења и упатства за примената на прописи од областа на финансиските и сметковдствените работи, стручно ги насочува вработените во одделението за вршење на работите и задачите, остварува соработка со институции во земјата и странство од делокругот на својата работа, учествува во работата на колегиумот, работните групи и тела врши и други работи од делокругот на Ревизорското тело. Дава стручни мислења од финансиски аспект во функција на поддршка на ревизијата на ИПА.

**Член 21**

Раководителот на ревизорска екипа е одговорен за организирање и спроведување на активностите во ревизорската екипа согласно тригодишната Стратегија за ревизија.

Раководителот на ревизорска екипа за извршување на својата работа е одговорен пред помошникот на главниот ревизор за ИПА и пред главниот ревизор за ИПА.

**Член 22**

Ревизорите распоредени во ревизорските екипи за извршување на својата работа се одговорни пред раководителот на ревизорската екипа, помошник на главниот ревизор за ИПА и главниот ревизор за ИПА.

### Член 23

Распоредување на вработените во Ревизорското тело на работните места, се врши согласно законските прописи кои ја регулираат оваа област и условите предвидени со актот за систематизација на работните места во Ревизорското тело и со овој правилник.

### Член 24

Главниот ревизор за ИПА за извршување на одредени стручни работи од делокругот на Ревизорското тело формира колегиум.

Колегиумот на Ревизорското тело го сочинуваат главниот ревизор за ИПА, заменик на главниот ревизор за ИПА, советниците на главниот ревизор за ИПА, помошниците на главниот ревизор за ИПА и раководителите на сектори.

На покана на главниот ревизор за ИПА, на колегиумот може да присуствуваат и други лица по потреба.

### Член 25

За извршување на одредени стручни работи и обработка на значајни прашања од делокругот на работа на Ревизорското тело, главниот ревизор за ИПА може да формира стручни тела, работни групи, комисии и други работни тела.

Актот за формирање на работните тела од став 1 на овој член го донесува главниот ревизор за ИПА.

### Член 26

Во рамките на организационите делови, раководните работници одржуваат работни средби со вработените поради поефикасно координирање на работите, воедначување на ставовите и стручните мислења по одделни прашања, како и целосно информирање на вработените за прашања поврзани со работењето.

## VI. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТАТА

### Член 27

Работите и задачите во Ревизорското тело се планираат и организираат на начин со кој се обезбедува особено:

- Извршување на работите од неговиот делокруг, утврден со закон;
- Законито, навремено, ефикасно, рационално и стручно извршување на доверените работи;
- Лична одговорност за вршење на доверените работи на работните места;
- Правилно распоредување на работите по работните места и следење на нивното извршување;
- Развивање и унапредување на тимската работа;
- Развивање на стручните и другите работни способности на вработените;
- Примена на современи методи и средства за работа;
- Остварување на меѓусебна соработка на организационите делови и соработка со надлежни органи и институции во Република Северна Македонија и во странство.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

**Член 29**

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош број 01 - 242/1 од 28.07.2015 година.

**Член 30**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Главен ревизор за ИПА,**

**Adem Curri, ОДР, СИИ,ОС**

## Органограм на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

